РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-649/1
24-01-2025 20 год.
СКОПЈЕ

СИНДИКАТ НА АДМИНИСТРАЦИЈА, ДРЖАВНАТА УПРАВА И ПРАВОСУДСТВО НА МАКЕДОНИЈА
СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 1-1 / 24-01-2025 202 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 203, член 205 став 3, член 206, член 208, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/2010, 16/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/2019, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 3 став 1 и член 24 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/2019 и 14/2020 ), член 23 од Закон за приватни агенции за вработување (Службен весник на РМ бр.113/18 и Службен весник на РСМ бр.18/2020), Општ Колективен Договор за јавниот Сектор ( Службен весник на РСМ бр.154/2023) Општина Кисела Вода, претставувана од Градоначалникот Орце Ѓорѓиевски од една страна и Претседателот на Синдикална Организација на САДУ на Општина Кисела Вода Далибор Стојановски, од друга страна, склучија во Општина Кисела Вода,

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР

за вработените во Општина Кисела Вода

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Колективниот Договор

**Член 1**

Со овој Колективен Договор се уредуваат статусот, правата, обврските и одговорностите и другите прашања во врска со работниот однос на вработените во Општина Кисела Вода (во натамошниот текст: Општината).

### Поимник

**Член 2**

(1) Работодавач е Општина Кисела Вода (во натамошниот текст: работодавачот).
(2) Вработени во Општина Кисела Вода ( во натамошниот текст вработени) се лицата што засновале работен однос во Општина Кисела Вода кои согласно Законот за административни службеници имаат статус на административни службеници, вработените кои вршат помошни-технички работи кои немаат статус на административни службеници, инспекторите кои вршат инспекциски надзор согласно Закон за инспекциски надзор, како органи во состав на организициски единици, како и отстапените работници согласно Законот за приватните агенции за вработување.

(3) Синдикат во смисла на овој Колективен Договор е Синдикална Организација на САДУ на Општина Кисела Вода (во натамошниот текст: Синдикатот).
(4) Репрезентативен синдикат на Општина Кисела Вода е синдикат во кој се зачленети најмалку 20 % од вкупниот број вработени во Општина Кисела Вода што плаќаат членарина.

**Опфат и примена на Законот и на Колективниот договор**

**Член 3**

На статусот и другите прашања од работен однос на државните службеници во Општината се применува Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работните односи, Законот за локалната самоуправа, Статутот на Општината, Општиот Колективен Договор и другите позитивни законски прописи.

**Член 4**

Овој Колективен договор е задолжителен и ги обврзува на негова примена работодавачот и вработените кои се членови на Синдикална Организација на САДУ на Општина Кисела Вода, како и сите вработени во Општината.

**Член 5**

(1) Со овој Колективен Договор можат да се утврдат само поголеми и поповолни права од правата предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работните односи, друг Закон и Општиот Колективен договор за јавниот сектор или друг колективен договор, кои не се предвидени со наведените акти, ако тоа не е спротивно со закон.
(2) Одредбите во овој Колективен Договор со кои се утврдени помали или понеповолни права од правата утврдени со актите од став 1 на овој член се ништовни.

## II.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 6**

(1) Работниот однос вработените во Општината го засноваат со склучување на договор за вработување, односно преку решение за вработување.
(2) Договорот за вработување се склучува на определено или неопределено време, односно решението за вработување се носи на неопределено време, со полно работно време, односно неполно работно време.

(3) Работодавачот може да склучи договор, односно да донесе решение за вработување на определено време, со полно, односно неполно работно време, под условите и на начинот утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законите за задолжително социјално осигурување и здраствено осигурување и другите позитивни законски прописи.
(4) Вработувањето во Општината се врши согласно општите начела за вработените во јавниот сектор, класификацијата на работните места според групи и подгрупи на работни места и категориите и нивоата на работните места во јавниот сектор, утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор, Каталогот на работните места во јавниот сектор и актот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

**Член 7**

Вработениот е должен совесно да ја извршува својата работа на работното место за кое склучил договор или согласно решението за вработување во време и на место, кои што се определени за извршување на работите, почитувајќи ја организацијата и деловната активност на работодавачот и општите и посебните прописи за безбедност и здравје при работа.

**Член 8**

Вработениот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со договорот или решението за вработување, а е во рамките на неговата стручна подготовка, врз основа на писмен акт од страна на работодавачот се додека траат причините, но не подолго од три месец во текот на една календарска година и само во случај:
- кога треба да се замени привремено отсутен работник;
- кога е зголемен обемот на работа во Општината;
- во случај на елементарна непогода која се случила или која се заканува.

**Член 9**

Вработениот во сите случаи кога врши работа која не е предвидена со договорот за вработување, има право на плата и надоместоци на плата кои ги примал на неговото работно место, односно плата и надоместоци кои за него се поповолни и се пропорционално исплатени со времето поминато на другото работно место, зголемена за 25%, од платата на неговото работно место.

**Член 10**

Мобилноста и распоредувањето на вработените се врши согласно законските прописи.

## Работно време

### Член 11

(1) Работното време на државните службеници во Општината започнува во 8:00 часот, завршува во 16:00 часот.
(2) Работното време на вработените во Општината кои вршат помошно-технички работи од областа на одржување на објекти и започнува од 6:00 до 08:30, а завршува од 14:00 до 16:30 часот.
(3) Работното време кај работодавачот согласно потребите на службата може да биде флексибилно во однос на почнувањето и завршувањето на работното време за вработените. За промена на работното време Градоначалникот донесува Решение за утврдување на работното време.

## Паузи, одмори и отсуства

### Член 12

(1) Вработените во Општината имаат право на паузи, одмори и отсуства од работа, согласно со општите прописи за работните односи, посебните закони и овој Колективен договор.
(2) Паузата во текот на дневната работа, во траење од 30 минути вработениот ја користи во предвиденото време од 10:30 до 11:00 часот.
(3) Во случаи каде според карактерот и природата на работите и задачите не се дозволува прекин на работата, како и во услови на работа со странки, паузата се организира на начин кој обезбедува работата да не се прекинува, а вработениот да го оствари непречено своето право.
(4) Времето на паузата од овој член се засметува во работното време и за истото се исплаќа плата.

## Годишен одмор

### Член 13

(1) Вработениот има право на платен годишен одмор од најмалку 20 работни дена до 26 работни дена согласно Законот за работните односи.
(2 )На повозрасните вработени и тоа од 57 години (жена) и 59 години (маж), инвалид, работник со најмалку 60% телесно оштетување и вработен кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток има право на зголемено времетраење на годишниот одмор за уште 3 работни дена.
(3) Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.
(4) Начинот за користење и критериумите за времетраењето на годишниот одмор се утврдени со овој Колективен договор.

**Критериуми за утврдување на годишниот одмор**

**Член 14**

(1) Годишниот одмор на вработениот од член 13 на овој Колективен Договор се определува според следните критериуми:
-на вработените по основ на должината на работниот стаж им припаѓа годишен одмор и тоа:
- од една до 10 години работен стаж - 1 работни дена;
- од 10 до 20 години работен стаж - 2 работни дена;
- од 20 до 30 години работен стаж - 3 работни дена;
(2) на вработените по основ на образование им припаѓа годишен одмор за:
1. од I до III степен на образование - 1 работен ден;
2. од IV до VI степен на образование - 2 работни дена;
3. за VII и VIII степен на образование - 3 работни дена;
(3) Во работниот стаж се засметува и времето кое го поминал вработениот на работа кај друг работодавач.
(4) на вработените по основ на социјални и здравствени услови им припаѓа годишен одмор за:
1.Самохран родител, или старател со дете до 15 години - 1 работен ден;
2.Самохран родител, или старател со повеќе деца до 15 г. - 2 работни ден
3. Самохран родител, или старател со дете со посебни потреби - 3 работни дена;
4. Работник со најмалку 60% телесно оштетување има право на уште 3 работни дена годишен одмор.

**Член 15**

(1) Годишниот одмор се определува со решение за користење на годишен одмор за секој вработен поединечно, со кое се утврдува времетраењето на годишниот одмор и критериумите врз основа на кои е определена должината на годишниот одмор.
(2) Против ова решение вработениот има право на жалба до Градоначалникот во рок од 15 дена.

**Платено отсуство**

**Член 16**

(1) Вработениот има право на платено отсуство заради лични и семејни околности до 7 (седум) работни дена во текот на календарската година и тоа за:
- склучување на брак до 3 работни дена;
- склучување на брак на дете - 2 работни дена;
- раѓање или посвојување на дете - 3 работни дена;
- смрт на сопружник или дете - 5 работни дена;
- смрт на родител, брат, сестра - 3 работни дена;
- смрт на родител на сопружник - 2 работни дена;
- смрт на дедо или баба - 1 работен ден;
- развод на брак – 3 работни дена (најдоцна до правосилноста на пресудата за развод на бракот);
- полагање на стручен испит за потреби на работодавач - 3 работни дена;

- полагање на правосуден испит, магистратура или докторат - 3 работни дена;
- селидба на семејството во исто место – 2 работени дена;
- елементарна непогода и климатски неповолен настан - 5 работни дена;
- елементарна непогода во домот (пожар, поплава и друг неповолен настан во домот за кој се доставува доказ) – 3 работни дена;
- семеен верски празник - 1 работен ден;
- кражба во домот – 1 работен ден;
- прв ден на прваче - 1 работен ден;
- доброволно дарување на крв – 2 последователни работни дена;
- за учество на синдикални активности на вработените организирани од страна на Синдикатот - деновите на спроведување на тие активности.

**Неплатено отсуство**

**Член 17**

(1) Вработениот има право на неплатено отсуство од работа три месеци во текот на календарската година во следните случаи:
- за нега на болен член на семејството;
- за лекување со сопствени средства, непризнаени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на своја сметка;
- за изградба, доградба, или поправка на куќа или стан;
- за учество во спортски или други манифестации што не се дел од синдикалните активности;
- за учество на конгреси, конференции и слично што не се дел од синдикални активности или не се за потребите на работодавачот;
- за подготовка на правосуден испит;
- за подготовка на магистерски труд или докторат и
- за други неодложни лични работи.

(2) Користењето на неплатеното отсуство се остварува врз основа на решение од работодавачот по писмено барање од страна на вработениот, во кое се наведува основот за неплатеното отсуство и времето на користењето на отсуството.
(3) Работодавачот е должен за користење на неплатеното отсуство да донесе решение за неплатено отсуство, најдоцна 15 дена пред користењето на неплатеното отсуство.
(4) На вработениот му мируваат правата и обврските од работен однос за време на неплатеното отсуство.

**Мирување на работниот однос**

**Член 18**

(1) Работниот однос мирува во случаите определени со Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи.
(2) Во случај на престанок на причините за мирување на работниот однос, вработениот е должен да се врати на работа во рок од 15 дена и да биде распореден најмалку на истото ниво на кое бил пред започнувањето на мирувањето.

### Должност за извршување на работата и работните задачи

#### Член 19

(1) Непосредно претпоставениот може да определи вработен да извршува и други работи и работни задачи, кои не се во описот на неговото работно место, а се на ниво на неговата стручна подготовка не подолго од 3 (три) месеци, со писмено задолжение кое мора да има образложение како и да биде одобрено од градоначалникот.
(2) На вработениот во ниту еден случај не може да му се наложи да врши други работи и работни задачи кои не влегуваат во описот на неговото работно место ако:
- работата може да ја изврши службеник кој што е распореден на соодветното работно место;
- работата може да се заврши со прераспределба на работното време на лицата кои веќе ја работат работата;
- работата не е итна, до враќање на отсутниот службеник.

## III. ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ПРИ РАБОТА

#### Член 20

(1) Вработените имаат право на обезбедени организациски, просторни и технички услови за вршење на работите и работните задачи.
(2) Работодавачот е должен да обезбеди услови потребни за безбедно извршување на работите и работните задачи на вработените преку примена на мерки, средства и методи во согласност со закон и другите прописи за безбедност и здравје при работа.

#### Член 21

Вработениот е должен да се придржува кон мерките за заштита при работа и работите на работното место да ги врши со потребно внимание заради обезбедување на својот живот и здравје и на животот и здравјето на другите вработени и граѓаните.

#### Член 22

Работодавачот е должен да обезбеди редовни медицински прегледи на секои 24 месеци за сите вработени како и за времено вработените, а заради откривање на професионални и други заболувања и нивно ефикасно лекување.

#### Член 23

(1) Во спроведувањето на мерките за заштита при работа, Синдикатот има право и обврска да:

- даде мислење во врска со планирањето, подобрувањето и унапредувањето на условите при работа;
- биде информиран и да се грижи за примената на прописите за безбедност и здравје при работа
- да ги информира и да бара заштита на вработените од страна на инспекцискиот орган за безбедност и здравје при работа, кога работодавачот пропушта, или одбива да го направи тоа.

(2) За остварување на правата утврдени во Законот за безбедност и здравје при работа, работодавачот е должен на претставникот на Синдикатот да му ги обезбеди сите услови и можности.

(3) Синдикатот, односно синдикалната организација започнува постапка пред надлежните органи, доколку работодавачот не ги преземе пропишаните мерки и средства за заштита на вработените при работа.

## IV. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ДРУГИ ПРИМАЊА

### Член 24

(1) Вработени за својата работа имаат право на плата, согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Закон за работни односи, другите позитивни законски прописи и овој Колективен договор.

(2) Платите и надоместоците на плати на државните службеници и другите вработени се обезбедуваат од буџетот на Општината.

(3) Синдикалниот претставник може да учествува во процесот на подготвување на буџетот на работодавачот во делот на заштита на правата на вработените.

(4) Платите на државните службеници се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

(5) Придонесите и персоналниот данок од доход на државните службеници ги плаќа работодавачот со исплата на платата во согласност со закон.

(6) Работодавачот е должен да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персонален данок од доход и за нив на државниот службеник му издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

(7) Платата на вработените во Општината со полно работно време и нормален учинок не може да биде пониска од утврдената минимална плата во Р. С. Македонија.

(8) Платата на вработените кои вршат помошно - технички работи е составена од:
- основна компонента и
- додатоци на плата

**Компоненти на плата на државните службеници**

**Член 25**

Платата на државните службеници се состои од следниве компоненти:
- основна компонента (основна плата);
- исклучителна компонента (додатоци на плата);

**Основна компонента на плата**

**Член 26**

(1) Основната компонента на плата ја сочинуваат:
-минималната плата;
-дел од плата за степен за образование;
-дел на плата за ниво;
-дел на плата за стаж;
(2) Минималната плата е онаа што се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија согласно законските прописи.
(3) Делот на плата за степенот за образование кое го стекнал државниот службеник се вреднува на следниов начин:

НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ /ОБРАЗОВАНИЕ/БОДОВИ

Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен -56
Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС- 31
Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование -11
Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование -1

**Делот на плата за нивото на кое е распореден државниот службеник се вреднува на следниот начин**:

А1-секретар од прво ниво 677
А2-секретар од второ ниво 535
А3-секретар од трето ниво 490
А4-секретар од четврто ниво 424
А5-секретар од петто ниво 334
Б1-раководен административен службеник од прво ниво 344
Б2-раководен административен службеник од второ ниво 323
Б3-раководен административен службеник од трето ниво 233
Б4-раководен административен службеник од четврто ниво 172
В1-стручен административен службеник од прво ниво 106
В2-стручен административен службеник од втор ниво 71
В3-стручен административен службеник од трето ниво 56
В4-стручен административен службеник од четврто ниво 25
ГI-помошно стручен административен службеник од прво ниво 15
Г2-помошно стручен административен службеник од второ ниво 10

Г3-помошно стручен административен службеник од трето ниво 5
Г4-помошно стручен административен службеник од четврто ниво 1

Делот од плата за работниот стаж на државниот службеник и за вработениот кој врши техничко-помошни работи се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Вредност на бодот**

**Член 27**

(1) Вредноста на бодот за пресметување на плата на државните службеници во Општината се утврдува секоја година со одлука на Советот, која на предлог на Градоначалникот се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на одлуката за извршување на Буџетот, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на државни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.
(2) Градоначалникот пред давањето на предлогот за вредноста на бодот должен е најниската вредност на бодот да ја утврди со репрезентативниот синдикат/ти, која вредност не може да биде пониска или повисока од вредноста утврдена согласно Одлуката на Владата на Р.С.Македонија.
(3) Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник се зголемува за 110 бодови и ќе почне да се применува со исплата на плата за месец јануари 2025 год.
,,(4) Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%, започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2023 година".

**Исклучителна компонента на плата**

**Член 28**

Исклучителната компонента на плата ја сочинуваат
- Додаток на плата за посебни услови на работа;
- Додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот и
- Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

**Додаток на плата за посебни услови за работа**

**Член 29**

(1) Државниот службеник има право на додаток на плата за посебни услови за работа. Работните места под посебни услови треба да бидат предвидени во актот за систематизација на работните места во Општината .
(2) Државниот службеник кој при вршењето на работите е изложен на висок ризик по неговиот живот и здравје има право на додаток на плата во зависност од видот на ризикот,

(3) Работните места на државните службеници кои при вршењето на работите се изложени на висок ризик по нивниот живот и здравје ги пропишува ресорниот министер, а висината на износот на додатокот на плата на овие државни службеници по овој основ ја донесува Советот на Општината на предлог на Градоначалникот.

**Додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на труд**

**Член 30**

(1)Државниот службеник и другите вработени имаат право на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот за што Градоначалникот, во соработка со Советот на општината може да утврди и одобри додаток на плата.
(2)Барањето за одобрување на додатокот од ставот 1 на овој член треба да биде засновано на анализа које ќе покаже дека:
- платите на пазарот на труд за таквите работни места се значително повисоки од платите на државните службеници и другите вработени кои извршуваат исти работи;
- вработувањето е отежнато или стапката на напуштање на работните места е неприфатливо висока;
- пазарот на трудот нуди ограничен број на квалификувани поединци за таквата работа;
- државните службеници биле подложени на повеќегодишно стручно усовршување и нивното напуштање на работното место би предизвикало големи фискални импликации по Општината.
3. Доколку градоначалникот, врз основа на анализата од став 2 на овој член оцени дека додатокот на плата ќе го постигне саканиот ефект на вработенот и задржливост, ќе предложи на Советот на општината да донесе одлука со која ќе го утврди износот на додатокот и датумот од кои истиот ќе влезе во сила.

**Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа**

**Член 31**

(1) Вработениот има право на додаток на плата за:
- ноќна работа;
- работа за време на неделен одмор;
- работа за време на празници утврдени со закон и
- работа подолга од полното работно време.
(2) Основната плата на вработениот по час се зголемува за:
- ноќна работа по 35%;
- прекувремена работа по 35%;
- работа во ден од неделен одмор 35%
(3) За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, вработениот има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.
(4) Додатоците меѓу себе не се исклучуваат.

(5) По исклучок, работодавачот е должен на вработениот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови, односно денови.
(6) Градоначалникот може со решение во текот на еден календарски месец на вработен да му исплати додаток на плата од 10 до 30 %, а поради зголемен обем на работа и поради посебен допринос во работата на општината, а исплатата ќе зависи од финансиските можности на работодавачот.

### Член 32

Прекувремената работа, скратеното работно време, дополнителното работење и забраната за подолго работно време на државните службеници и другите вработени кај работодавачот на неделно и на годишно ниво може да трае најмногу за времето и во случаите утврдени со Законот за работните односи. Прекувремената работа на неделно ниво не може да трае подолго од 8 часа неделно и 190 часа на годишно ниво.

## Надоместување на трошоци поврзани со работата

### Член 33

(1) Вработениот има право на надоместување на трошоците поврзани со работата, како и други надоместоци, согласно општите прописи за работните односи и овој колективен договор, и тоа за:
- патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и странство;
- Трошоци за погреб во случај на смрт на вработен во Општината или во локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечна месечна нето-плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата.
- Трошоци за погреб во случај на смрт на член на неговото потесно семејство семејство (родители, брачен другар, децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) на вработен во Општината или во локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата;
- штета при елементарни непогоди;
- регрес за годишен одмор;
- јубилејни награди и
- трошок при подолго боледување на вработениот.

### Член 34

(1) Основицата за пресметување на надоместоците на трошоците поврзани со работа претставува просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатите три месеци.
(2) Висината на трошоците од ставот 1 на овој член за секоја година се утврдува со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода.

## Член 35

(1) На вработените им се исплаќа регрес за годишен одмор во висина од најмалку 60% од просечната нето плата во последните три месеци на ниво на РС Македонија, под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот.
(2) Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината, а најкасно до 31 декември од тековната година.

## Член 36

Вработените имаат право на јубилејна награда за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работа кај ист работодавач;
- за најмалку 10 години до 100% од основицата;
- за најмалку 20 години до 150% од основицата;
- за најмалку 30 години до 200% од основицата;
- за најмалку 40 години до 240% од основицата

## Член 37

(1) Во случај на непрекинато боледување подолго од 6 месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна просечна нето плата исплатена кај работодавачот.
(2) Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку во висината на една основица од просечна нето плата во Република Северна Македонија.
(3) При заминување на работникот во пензија, на вработениот му се исплаќа двократен износ за отпремнина, пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија, објавена до денот на исплатата.

## Член 38

(1) Во зависност од финансиската можност на работодавачот на вработените може да им се исплати новогодишен надоместок.
(2) Висината на новогодишниот надоместок ќе се утврди помеѓу работодавачот и претставникот на синдикалната организација.

## Член 39

(1) Работникот кој работи помалку од полното работно време (скратено работно време), во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување и во согласност со прописите за здравствено осигурување ги остварува правата од задолжително социјално осигурување како кога би работел со полно работно време.
(2) Работникот од став 1 на овој член има право на плаќање за работата како и други права и обврски од работниот однос како и работник кој работи полно работно време, односно како кога би работел со полно работо време, согласно закон.

## Плата за време на годишен одмор и специјализирана обука

### Член 40

За време на користење на годишниот одмор или обука за стручно усовршување на која е упатен од страна на работодавачот, вработениот има право на плата во висина што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа.

### Член 41

Вработениот кој врз основа на решение е суспендиран од работодавачот, за времетраењето на суспензијата има право на плата од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесувањето на решението за суспензија.

## Плата за време на штрајк

### Член 42

За време на штрајк вработениот имаат право на плата во висина од 60% од платата што ја примиле претходниот месец и придонеси од плата во цел износ.

## Плата на помошно – техничките вработени

### Член 43

Основната плата на вработените во Општината кои немаат статус на државни службеници кои вршат помошно – технички работи се определува врз основа на барањата на работното место (видот, сложеноста, обемот и одговорноста за работите на работното место, стручната подготовка, стекнатите знаења и вештини) на кои вработениот работи согласно договорот за вработување.

### Член 44

Најниската плата според овој Колективен Договор не смее да биде пониска од минималната плата на ниво на Република Северна Македонија утврдена со Закон.

### Член 45

(1)Основната плата на вработените кои немаат статус на административни службеници се определува на следниов начин:

- минимална плата;

- дел од плата за степен за образование;
- дел на плата за сложеност на работно место;
- дел на плата за стаж.
- основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%,

Минималната плата е онаа која се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија согласно со закон.

## Член 46

(1)Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветно ниво на работно место се вреднува на следниов начин:

НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ /ОБРАЗОВАНИЕ/БОДОВИ

| Р.Бр. | КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|---|
| 1 | Ниво на квалификации VA, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 20 |
| 2 | Ниво на квалификации IV, 180/240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО средно образование | 10 |
| 4 | Основно образование | 1 |

(2)Делот на плата за сложеност на работно место на кое е распореден работникот се вреднува на следниот начин:

| Шифра на работно место | Назив на работно место | Категоризација | Потребен степен на завршено образование | бодови |
|---|---|---|---|---|
| УПР 04 03 А01 001 | Шеф на возен парк | Превоз на лица и опрема I ниво | 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО средно образование | 455 |
| УПР 04 03 А02 001 | Возач II | Превоз на лица и опрема II ниво | 180/240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО средно образование | 420 |
| УПР 04 02 А01 001 | Главен чувар - портир (одговорно лице) | Обезбедување на објекти и опрема I ниво | 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО средно образование | 102 |
| УПР 04 03 А03 001 | Возач III | Превоз на лица и опрема III ниво | 180/240 кредити според ЕЦВЕТ или | 102 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | МКСОО средно образование | |
| УПР 04 01 А03 001 | ВКВ работник за одржување на објекти | Одржување на објекти III ниво | 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО средно образование | 92 |
| УПР 04 04 А03 002 | Работник во кујна | Лице во кујна III ниво | 180/240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО средно образование | 82 |
| УПР 04 01 А04 001 | КВ работник за одржување на објекти (зеленило) | Одржување на објекти IV ниво | 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО средно образование | 62 |
| УПР 04 05 А02 005 | Работник на приемен пулт ( пријавница) | Други помошно технички лица II ниво | средно образование | 62 |
| УПР 04 05 А02 004 | Кординатор на достава курир | Други помошно технички лица - II ниво | средно образование | 62 |
| УПР 04 02 А02 001 | Чувар, портир II | Обезбедување на објектите и опремата - II ниво | 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО средно образование | 62 |
| УПР 04 05 А03 007 | Работник за извршување на помошни работи | Други помошно технички лица - III ниво | основно | 47 |
| УПР 04 05 А03 004 | Хигиеничар/ка | Други помошно технички лица III ниво | основно | 47 |
| УПР 04 05 А03 001 | Курир | Други помошно технички лица - III ниво | основно | 47 |
| УПР 04 01 А05 001 | Работник за одржување на објекти (зеленило) | Одржување на објекти V ниво | основно | 47 |

(3)Работното искуство на вработениот без статус на административен службеник се вреднува во износ од 0,5% од основната плата за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(4)Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%, согласно член 14 став 1 од Општ колективен договор за јавниот сектор (Службен весник на РСМ, бр.154/23).
(5)Вредноста на бодот за пресметување на бруто плата на вработените кои немаат статус на административни службеници се утврдува со Одлука за извршување на Буџет донесена од страна на Советот на општината до крајот на тековната година за наредната година.
(6)Платите на вработените кои немаат статус на административен службеник се утврдуваат така што утврдените бодови согласно начинот на определување на основна плата се множат со вредноста на бодот.
(7)Работникот има право на надоместок на плата како и надоместување на трошоците поврзани со работа согласно закон и колективен договор.

## V. ИНФОРМИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

### Член 47

(1) Работодавачот е должен да обезбеди редовно и навремено информирање на претставникот на Синдикатот за:
- процесот на спроведување на вертикална функционална анализа кај работодавачот;
- изготвување на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- општите акти и одлуки со кои се уредуваат правата и обврските на вработените и
- други прашања од заеднички интерес согласно општите прописи за работните односи и прописите за безбедност и здравје при работа.

(2) Информирањето се врши по писмен и електронски пат.

## VI. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ДЕЛУВАЊЕ НА СИНДИКАТОТ

### Член 48

Работодавачот е должен да создаде услови за работа на синдикалната организација, во врска со заштитата на правата на вработените од работниот однос, утврдени согласно позитвни законски прописи или Колективен Договор.

### Член 49

(1) На претставниците на синдикалната организација им се овозможува непосредна комуникација со раководното лице на работодавачот или лице овластено од раководното лице на работодавачот.
(2) Синдикатот изготвува список на синдикални претставници - членови на Извршниот одбор на синдикалната организација и на избраните и именуваните членови во органите на Синдикатот и го доставува до раководното лице на работодавачот.

## Член 50

На барање на Синдикатот, работодавачот обезбедува и овозможува стручни, административни и технички услови за работа на синдикалната организација заради остварување на синдикалните функции, како:

- умножување и печатење на материјали;
- користење на службено возило;
- бесплатно користење на мобил. телефон со излезна и интерна линија;
- интернет;
- простор за одржување на синдикални состаноци и
- други услови неопходни за функционирање на Синдикалната организација.

## Член 51

(1) За остварување на финансиско - сметководствени работи на синдикалната организација се обезбедува пресметка и уплата на синдикална членарина по доставување на писмено известување од Синдикатот за висината на членарината. Таа се наплатува заедно со пресметката и исплатата на платата.
(2) Членарината од членовите на Синдикалната организација се исплаќа на сметката на Синдикатот кој потоа ја распределува согласно Статутот и другите акти на Синдикатот.
(3) Работодавачот е должен при исплата на платата да врши задршка и уплата на личните обврски на членот на Синдикатот (кредит, набавка на производи и стоки на рати преку Синдикатот).
(4) Вработениот при стапување во Синдикатот потпишува пристапница.
(5) Работодавачот не смее да одбие издвојување на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку стручните служби на Синдикатот уредно и навремено достават известување и одлуката од став (1) на овој член.
(6) Работодавачот може да ја запре пресметката и исплатата на членарината на одреден вработен само со претходно писмено известување од Синдикатот.
(7) Работодавачот не смее да ја запре исплатата на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку тој лично и непосредно се обрати на работодавачот.

## Член 52

(1) Работодавачот може да учествува во трошоците на организирање на едукација и обука, културни манифестации и спортски игри и средби кои ги организира Синдикатот.
(2) Работодавачот и Синдикатот можат да склучат и спогодба со која попрецизно ќе биде регулиран начинот на остварување на правата од ставот (1) од овој член.

## Член 53

Членот не може да истапи од Синдикатот доколку користи синдикални поволности во вид користење на потврда за купување стока или други услуги на рати, на кредити, заеми, и други поволности, додека во целост не ги исплати сите обврски кон Синдикатот.

### Член 54

(1) Претседателите на Синдикалните организации на Синдикатот, нивните заменици, членовите на органите на синдикалните организации и Синдикатот и поверениците кои учествуваат во работата на Синдикатот во Одборите и Комисиите имаат право на посебна заштита утврдена со ЗРО и овој Колективен Договор.
(2) Лицата од ставот (1) на овој член за време на нивниот мандат и две години од истекот на мандатот не можат да добијат отказ и без нивна согласност не може да бидат распоредени на друго работно место, за синдикална активност, освен за дисциплинска одговорност по сторен дисциплински престап или ако му престане работниот однос по сила на закон.
(3) На лицата од ставот (1) на овој член, работодавачот треба да им овозможи ефикасно вршење на функциите на Синдикатот, за учество на синдикални состаноци, семинари, конгреси, конференции, учество на спортски игри и други синдикални активности согласно Статутот и Програмата за работа на Синдикатот со платено отсуство од работа за време на вршењето на посочените активности, и тоа:
- за Претседателот и Потпретседателот на синдикалната организација до 72 часа месечно;
- за членови на синдикални органи и тела до 56 часа месечно и
- за повереник на синдикалната организација до 32 часа месечно.

(4) По предлог на Синдикатот и други членови на синдикалната организација може да користат платено отсуство за синдикални активности додека трае потребата од нивно ангажирање, но не подолго до 24 часа месечно.
(5) Членовите на Синдикалната организација на ниво на работодавач имаат право на платено отсуство од работа за учество на синдикални спортски игри, семинари, конференции, работилници, синдикални школи во траење од 10 работни дена годишно. Овие денови не се сметаат заедно со деновите за отсуство предвидени со членот 22 од овој колективен договор.

## VII. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ШТРАЈК

### Член 55

(1) Правото на штрајк вработениот го остварува во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работните односи, Законот за административни службеници, Законот за судска служба, Законот за јавнообвинителска служба, Законот за извршување на санкции, друг закон, актите на синдикатот и овој колективен договор.
(2) Пред одпочнување на Штрајк, мора да биде најавен 15 дена во писмена форма кај работодавачот.

(3) Во писмото со кое се најавува штрајкот мора да бидат наведени причините за штрајкот, местото на одржување на штрајкот, времетраењето, денот и времето на почетокот на штрајкот.
(4) При остварувањето на правото на штрајк вработените се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на органот/институцијата и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица.
(5) Штрајкот мора да биде организиран на начин со кој нема да се оневозможува, или попречува организирањето и одвивањето на работниот процес за вработените кои не учествуваат во штрајкот, забрана на влез на вработените и на одговорните лица во деловните простории на работодавачот.
(6) Раководното лице кај работодавачот заедно со Претседателот на Синдикатот во рамките на ССКО на РМ, спогодбено подготвуваат и донесуваат правила со кои се определува начинот на извршување на надлежностите, односно дејностите од јавен интерес на работодавачот за време на штрајк (кои не можат да се прекинат), бројот на вработени кои ќе ги извршуваат надлежностите за време на штрајк, како и начинот на обезбедување услови за правото на штрајк.
(7) Доколку раководното лице кај работодавачот и претседателот на Синдикатот во рамкоте на ССКО на РМ не се договорат во врска со наведеното од ставот (6) на овој член, тогаш како работни задачи кои не смеат да се прекинат за време на штрајк ќе се сметаат само работите кои се нужни, а со чие прекинување би се предизвикала несразмерна штета за државата, граѓаните и работодавачот, која не би можела да се надомести со ниту една дополнителна мерка или активност по завршување на штрајкот.

### Член 56

(1) За време на штрајк, работодавачот е должен на вработените да им уплаќа придонеси на плата во цел износ утврдено со овој колективен договор кои му припаѓаат на вработениот за време на штрајк, доколку штрајкот е организиран поради непочитување на правата од овој колективен договор.
(2) Вработениот кој учествува во штрајк, не смее да биде ставен во понеповолна положба од другите вработени, поради неговото учество во штрајк.
(3) Работодавачот во ниту еден случај и по ниту еден основ не може да го ограничи правото на штрајк, директно или индиректно да влијае на волјата на вработените, ниту пак преку други лица да презема активности за спречување на штрајкот.

### Член 57

(1) Пред започнување на штрајкот, Синдикатот и работодавачот се должни да отпочнат постапка на мирење најдоцна 7 (седум) дена пред започнување на штрајкот.
(2) Страните во постапката за мирење учествуваат со добра волја и преземаат дејствија за надминување на причините за штрајк.

(3) Постапката за мирење трае до три (3) дена.
(4) Доколку во постапката за мирење не е постигнат договор по прашањата кои се причина за штрајкот, штрајкот може да започне.
(5) Доколку во постапката за мирење се постигне договор меѓу страните, се склучува спогодба помеѓу страните, со чие потпишување најавата за штрајк се повлекува.

### Член 58

Организаторот на штрајкот за времетраењето на веќе започнат штрајк, може да преговара со раководното лице кај работодавачот за решавање на спорните прашања кои се причина за штрајк.

## VIII. ОДГОВОРНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ И РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ

### Член 59

Вработените во Општината се лично одговорни за вршењето на работите и на работните задачи од работното место.
Одговорноста на вработените од ставот 1 на овој член може да биде дисциплинска/или материјална.
Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на вработениот.
Дисциплинската и/или материјална одговорност на вработените во Општина Кисела Вода се утврдува со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Закон за работни односи и дрѕугите позитивни законски прописи.

## IX. ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС

### Член 60

Работниот однос на вработениот му престанува согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници, Законот за работните односи, друг закон, општите одредби за работните односи и Колективните Договори.

**Откажување на договорот за вработување со и без отказен рок**

### Член 61

(1) Вработениот и работодавачот можат да го откажат договорот за вработување со отказен рок или без отказен рок согласно позитивни законски прописи.
(2) Секоја од страните може да го откаже договорот за вработување само во целост.
(3) Работникот може да го откаже договорот за вработување ако писмено изјави дека сака да го откаже договорот за вработување.

(4) Работодавачот може да го откаже договорот за вработување само ако постои основана причина за отказ поврзана со однесувањето на работникот, односно лична причина од страна на работникот, поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски (причина на вина) и од деловни причини засновани на потребите на функционирањето на работодавачот (технолошки, економски, организациони и структурални и слични промени), услови и на начин утврден со Закон за работни односи и Колективен договор.

**Член 62**

(1) Во случај на потреба од откажување на договорот за вработување на вработениот - член на синдикалната организација од деловни причини, работодавачот е должен да побара мислење од извршниот одбор на синдикалната организација.
(2) Во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини, работодавачот е должен на вработениот да му обезбеди едно од правата утврдени во Законот за работните односи под условите и начинот утврдени во законот и во овој или друг колективен договор.
(3) Работодавачот за намерата, а најдоцна 30 дена пред донесувањето на одлуката за престанок на работниот однос на поголем број на вработени од деловни причини, е должен да го извести Синдикатот, односно синдикалната организација за:
- причините за потребата од престанок на работниот однос на вработените;
- предвидениот број и структура на вишокот на вработени;
- предвидениот рок во кој се планира да престане потребата од работа на вработените;
- за планот на отпуштање и социјалните мерки кои треба да се преземат за заштита на работниците кои ќе добијат отказ.

По доставеното известување, работодавачот е должен да се советува со синдикалната организација за можните начини за спречување и ограничување на бројот на отказите и за можните мерки за спречување и ублажување на штетните последици.

**Член 63**

По завршеното советување со синдикалната организација работодавачот е должен писмено да ја извести Агенцијата за вработување заради помош и услуги од посредување при вработување за отпуштените работници.

**Член 64**

Вработените кои вршат технички и помошни работи во Општината своите права, обврски и одговорности од работен однос ги остваруваат согласно Законот за работните односи, Колективен договор и други позитивни законски прописи.

## X. МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

### Член 65

(1) Во случај на индивидуален или колективен работен спор, работодавачот и вработениот може да се договорат решавањето на спорот да го доверат на посебен орган утврден со Законот за работните односи и Законот за мирно решавање на работните спорови, и согласно овој или друг колективен договор.
(2) Индивидуален работен спор претставува спор во врска со остварувањето на правата на вработените утврдени со закон, колективен договор и договор за вработување во однос на откажувањето на работниот однос и неисплата на платите.
(3) Колективен работен спор, е спор во врска со склучување, измена, дополнување или примена на овој или друг колективен договор, остварување на правото на синдикално организирање и правото на штрајк.
(4) Условите, начинот и постапката за мирно решавање на работните спорови се спроведуваат според ЗРО, Законот за мирно решавање на работните спорови, освен ако договорните страни не утврдиле поинакви услови и начин на решавање согласно овој или друг колективен договор.

## XI. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА РАБОТНИЦИТЕ

### Член 66

(1) Заради остварување на правата од овој Колективен Договор вработениот има право да поднесе барање односно приговор до работодавачот.
(2) Вработениот има право да присуствува во постапката кај работодавачот кој одлучува за поднесеното барање или приговор.
(3) Работодавачот е должен да соработува со претставникот на Синдикатот при ССКО на РМ за спогодбеното решавање на спорот.

## XII. ИЗМЕНУВАЊЕ, ДОПОЛНУВАЊЕ, ТОЛКУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР

### Член 67

(1) Овој Колективен Договор ги обврзува и важи за вработените во Општината кои се членови на Синдикатот и за вработените кои не се членови, а кои му пристапиле на колективниот договор, како и за останатите вработени по сила на закон.
(2) Правните норми содржани во овој Колективен договор се применуваат непосредно и се задолжителни за сите лица од ставот 1 на овој член кои имаат статус на државни службеници и кои вршат административно-технички и помошни работи во Општината.

## Член 68

(1) Страните на овој Колективен Договор и лицата на кои се применува, се должни да ги извршуваат неговите одредби.
(2) Заради повреда на обврските од овој Колективен Договор, оштетената страна или лице на кои тој се применува може да бара надомест за претрпена штета.
(3) Секој учесник може да предложи измена и дополнување на овој колективен договор.
(4) Предлогот за измена и дополнување се доставува во писмена форма до другиот учесник кој е должен да се изјасни во рок од 15 дена.
(5) Во случај ако другиот учесник не го прифати, или не се изјасни во дадениот рок од став 2 на овој член, учесникот предлагач може да започне постапка за усогласување.

## Член 69

(1) Постапката за усогласување започнува со поднесување на писмено барање на еден од учесниците на Колективниот Договор и треба да заврши во рок од 30 дена од поднесување на барањето.
(2) Во рок од десет дена од поднесувањето на барањето за усогласување се формира комисија за усогласување.
(3) Секој од учесниците именува по 2 (два) член во комисијата.
(4) Членовите на комисијата договорно избираат петти член на комисијата како Претседател.
(5) Секое усогласување што учесниците ќе го постигнат мора да биде во писмена форма.
(6) Со усогласените ставови учесниците задолжително пристапуваат кон изменување и дополнување на Колективниот Договор.

## Член 70

(1) За следење на примената и за давање толкување на одредбите на овој Колективен Договор учесниците формираат комисија за следење и толкување.
(2) Секој од учесниците на овој колективен договор именува по два члена во комисијата, во рок од 15 дена од склучувањето на овој колективен договор.

## Член 71

(1) Овој Колективен Договор може да се откаже три месеци пред истекот на неговата важност.
(2) Откажувањето на овој колективен договор се врши во писмена форма со отказ, при што се образложуваат причините за откажувањето.
(3) Отказот од став два на овој член се доставува до другата страна на договорот.
(4) Другата страна, на предлогот за откажување на колективниот договор, е должна да одговори и да ја започне постапката за преговори, најдоцна во рок од 15 дена, од денот на приемот на поднесениот отказ.

## XIII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 72

(1) Овој Колективен Договор се склучува на определено време за период од 2 години со можност за продолжување со писмена спогодба на двете страни на договорот.
(2) Овој Колективен Договор може да продолжи да важи ако страните во договорот, најдоцна 30 дена пред истекот на важењето склучат писмена спогодба со која ќе го продолжат важењето на овој Колективен Договор.
(3) Доколку не дојде до продолжување на овој Колективен Договор или склучување на нов по истекот на времето на важење, неговите одредби се применуваат и важат до склучување на нов, или негово продолжување.

### Член 75

(1) Колективниот Договор и сите негови измени и дополнувања, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и на веб страната на потписниците.
(2) Овој Колективен Договор стапува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување.
(3) Работодавачот, односно синдикалната организација имаат обврска на секој вработен да му овозможат увид на овој Колективен Договор.
(4) Овој Колективен договор се евидентира кај Синдикатот и кај работодавачот Општина Кисела Вода.

Градоначалник
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски

Претседател на Синдикална Организација
на САДУ на Општина Кисела Вода
Далибор Стојановски